replek

Друштво за медицинско снабдување
увоз-извоз
РЕПЛЕК АД
Бр. 02 - 1830/1
20.03.2024 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на чл.480 ст.3 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје до Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје поднесува

# ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА
## на Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје
## за 2023 година

Надзорниот одбор поднесува писмен извештај со цел акционерите да се запознаат со активностите кои одборот ги превзел во текот на 2023 година.

### I. Овластувања на Надзорниот одбор

Надзорниот одбор на РЕПЛЕК АД своите активности ги извршува во согласност со важечките законски прописи, Статутот на друштвото, Кодексот за корпоративно управување и Деловникот за работа на Надзорниот одбор.

Органот на надзор во рамки на надлежностите утврдени со Законот за трговските друштва и Статутот на друштвото, има овластување да врши надзор врз управувањето со Друштвото што го врши Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и да врши увид и проверка на книгите и документите на Друштвото.

При извршување на своите надлежности, Надзорниот одбор ги има во предвид интересите на друштвото и акционерите.

### II. Надзор врз управувањето со Друштвото

Надзорниот одбор во континуитет го следеше работењето на Управниот одбор и на друштвото во целина, како и работењето на друштвата во негова сопственост.

Во текот на извештајниот период - 2023 година, во согласност со важечките законски прописи, Надзорниот одбор одржа вкупно 9 (девет) седници и донесе 6 (шест) Одлуки и 1 (еден) Заклучок.

Седниците беа одржани во деловните простории на Друштвото, со физичко присуство на членовите и/или преку аудио и визуелна комуникациска опрема, согласно член 357 од Законот за трговските друштва.

На одржаните седници одборот ги разгледа и расправаше за сите значајни прашања во делот на своите овластувања, согласно Статутот на друштвото и Законот за трговските друштва.

На седницата која Надзорниот одбор ја одржа на ден 20.03.2024 година, од страна на Претседателот на Управниот одбор – Душан Пецовски беа презентирани материјалите и предлог-одлуките за свикување на Годишно собрание на акционери.

Врз основа на чл.480 ст.2 од Законот за трговските друштва, а во рамките на своите надлежности, Надзорниот одбор ја разгледа Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година, финансиските извештаи и Годишниот извештај за работењето на Друштвото, изготвен од Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје, како и предлог одлуката на Управниот одбор за усвојување на годишната сметка, предлог одлуката за распределба на добивката по годишната

сметка за 2023 година и Извештајот за извршената ревизија на годишната сметка на Друштвото за 2023 година, изготвен од ревизорското друштво МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје,

Ревизијата е извршена во согласност со законските одредби и стандарди за ревизија кои се во примена во Република Северна Македонија.

Од непосредно извршениот увид, излагањата на Претседателот на Управниот одбор и Генерален директор на друштвото, како и раководните лица од соодветните стручни служби, Надзорниот одбор констатира дека:
- Годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година е изготвена согласно прописите на Република Северна Македонија и Меѓународните сметководствени стандарди, што е потврдено и во Мислењето доставено од независните ревизори од Ревизорската куќа МАЗАРС РЕВИЗИЈА ДОО Скопје.

Согласно погоре изнесената констататација, Надзорниот одбор му предлага на Собранието да ја усвои годишната сметка на РЕПЛЕК АД за 2023 година со предложената распределба на добивката.

Во тековната 2023 година, активностите на Надзорниот одбор беа насочени кон спроведување на објективна контрола врз работењето и управувањето со Друштвото. На седниците одржани на квартално ниво членовите на Надзорниот одбор ги разгледуваа резултатите од работењето на Друштвото и извештаите за работењето на Управниот одбор. Одборот на надзор го разгледа и Годишниот извештај за работата на Друштвото и изврши увид во книгите и документацијата со која располага Друштвото, а кои се однесуваат на финансиското работење, состојбата на имотот, хартиите од вредност.

Со цел усогласување на интерните акти со Статутот на друштвото и Кодексот за корпоративно управување, Надзорниот одбор донесе Деловник за работа на Н.О. на РЕПЛЕК АД Скопје, Деловник за работа на Комисијата за избор и именување на членови на Надзорниот одбор, Комисија за ревизија/надзор на управувањето со ризиците на друштвото, внатрешна контрола и работата на надворешниот ревизор, Деловник за работа на Комисијата за надоместоци и награди.

На седницата одржана на ден 10.04.2023 година Надзорниот одбор донесе одлука за разрешување на членот на Управниот одбор – Билјана Несторовска Ѓошевска, по нејзина претходно поднесена оставка, со што бројот на членовите на Управниот одбор се намали на 3 члена (претходно на ден 11.11.2022 година му престана мандатот на членот Александар Томовски) .

Од тие причини, а согласно член 28 и 29 од Статутот на друштвото и член 374 ст.3 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор на седницата одржана на ден 09.06.2023 година на упразнетите две места избра нови членови на Управниот одбор и тоа:
- Душко Дрваров – Директор на сектор Финансии и
- Марјан Велковски – Управител на Реплек фарм

При изборот, членовите на Надзорниот одбор оценија дека станува збор за луѓе од интегритет, ентузијасти и професионалци кои досега покажале одлични резултати во својот делокруг на работа.

По направената проверка и извршениот увид констатирано е дека управувањето и водењето на Друштвото од страна на Управниот одбор е успешно извршено, по принципот на добро корпоративно управување и е во согласност со важечките законски прописи и актите на друштвото.

replek

## III. Соработка со Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје

Во текот на 2023 година Надзорниот одбор и Управниот одбор на РЕПЛЕК АД Скопје остваруваа континуирана соработка, односно на Надзорниот одбор му беше ставена на располагање целокупната неоходна документација, чие разгледување резултира со донесување на соодветни одлуки од страна на органот на надзор.

Надзорниот одбор позитивно ја оценува комуникацијата и соработката која во остварувањето на своите надлежности ја имаше со Претседателот и членовите на Управниот одбор, а која има за цел градење на заеднички ставови во насока на остварување на зацртаните планови за успешен развој на Друштвото.

Надзорниот одбор ги поддржува планираните стратешки цели, планови и политики утврдени од страна на Управниот одбор на Друштвото.

## IV. Следење на работата на Службата за внатрешна ревизија

Службата за внатрешна ревизија, согласно член 415-а од Законот за трговските друштва, е независна организациска единица на Друштвото која врши постојана и целосна ревизија на законитоста, правилноста и ажурноста на работењето на Друштвото. Своите активности Службата за внатрешна ревизија ги спроведува во согласност со принципите и стандардите за внатрешна ревизија и политиката и процедурите за работење на службата.

Поради престанок на работниот однос во друштвото на претходниот Раководител на Службата за внатрешна ревизија, Надзорниот одбор на седницата одржана на ден 09.06.2023 година назначи нов Раководител на службата-Пане Илиев.

Согласно Меѓународната рамка за професионална пракса на Институтот за внатрешни ревизори (II A), домашната регулатива и најдобрите ревизорски практики, Службата изработи 3 основни акти и тоа: Кодекс на етика, Повелба и Политика и процедури на внатрешна ревизија, кои Надзорниот одбор ги одобри и усвои на седницата одржана на ден 22.11.2023 година.

Согласно член 415-б од Законот за трговските друштва, Службата за внатрешна ревизија изготви Годишен план за работа за 2024 година. Во Годишниот план за работа се наведени предметот на ревизијата со опис на содржината на планираната ревизија во одделни области и распоред на контролите во текот на 2024 година со планирано времетраење за спроведување на контролите.
Надзорниот одбор го разгледа Годишниот план за работа за 2024 година, изготвен од Службата за внатрешна ревизија и донесе Одлука со која истиот го одобрува.

Согласно член 415-в од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор го разгледа Годишниот извештај за 2023 година на Службата за внатрешна ревизија во кој се наведени активностите кои службата ги има превземно во извештајниот периодот.
Годишниот извештај ги содржи следните информации:
- опис на извршените ревизии на работењето на друштвото;
- оцена на адекватноста и ефикасноста на системите за внатрешна контрола;
- наоди и предложени мерки на службата за внатрешна ревизија и
- оцена на спроведувањето на мерките предложени од страна на службата за внатрешна ревизија
- оцена на реализацијата на поставените цели со годишниот план за работа;
- оцена за планираното време за контрола и евентуалното отстапување и
- информации за извршени други активности.

Наодите идентификувани во извештајот се во насока на понатамошно подобрување на ефикасноста и ефикасноста во процесот на работењето.
Надзорниот одбор го усвои Годишниот извештај за 2023 година и за истиот даде оценка дека е квалитетно и содржински изработен, дава сеопфатен приказ и резиме на извршените ревизии и

е во согласност со законските одредби.

Годишниот извештај на Службата за внатрешна ревизија за 2023 година е во прилог на Извештајот за работа на Надзорниот одбор и истиот се доставува на увид на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје кое ќе се одржи на ден 24.04.2024 година.

## V. Соодветност на членовите на Надзорниот одбор

Надзорниот одбор во текот на 2023 година во целост ги исполни целите и обврските кои произлегуваат од динамиката на работењето на РЕПЛЕК АД Скопје, а кои се во согласност со позитивните законски прописи.

Работењето на Надзорниот одбор во 2023 година се одвиваше во добра работна атмосфера со исклучително плодни дискусии, мислења и предлози преку кои секој од членовите го искажуваше својот став и мислење по определено прашање.
Членовите на Надзорниот одбор секој поодделно, преку своите знаења, искуства, вештини и квалитети кои ги поседува (професионални и човечки) даде свој значителен придонес во успешното работење на Надзорниот одбор како колективен орган. Одлуките беа носени процедурално, во транспарентна постапка, врз основа на комплетна и објективна проценка.

Членовите на Надзорниот одбор поседуваат добра репутација, ги почитуваат законските одредби, договорните обврски и корпоративната култура, а функцијата член на одборот на надзор ја извршуваат професионално и непристрасно.
Во текот на извештајниот период не е евидентирано постоење на околности поврзани со одделни членови на одборот поради кои може да дојде до судир на интереси и да се загрози нивната независност.

## VI. Препораки на Надзорниот одбор до Годишното собрание на акционери

По разгледување на предложените одлуки, а врз основа на член 480 став 3 од Законот за трговските друштва, Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје, на седницата која ќе се одржи на ден 25.04.2024 година да донесе Одлуки со кои ќе се одобрат и усвојат следните предлог-одлуки:

- Предлог-одлука за усвојување на Деловник за работа на Собранието на акционери на РЕПЛЕК АД Скопје.
- Предлог-одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај за работата на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;
- Предлог-одлука за усвојување на годишната сметка и финансискиот извештај на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;
- Предлог-одлука за усвојување на консолидираната годишна сметка и консолидираните финансиски извештаи за 2023 година за Групацијата РЕПЛЕК АД;
- Предлог-одлука за одобрување на работата на членовите на Управниот одбор - одделно за секој член на органот;
- Предлог-одлука за избор на член на Надзорен одбор;
- Предлог-одлука за усвојување на извештаите од овластениот ревизор;
- Предлог-одлука за назначување овластен ревизор за 2024 година;
- Предлог-одлука за распределба на добивка по годишната сметка на РЕПЛЕК АД Скопје за 2023 година;
- Предлог-одлука за утврдување на датуми при исплата на дивиденда за 2023 година (дивиденден календар);

- Предлог-одлука за поделба на обичните акции издадени од РЕПЛЕК АД Скопје и намалување на номиналниот износ на акциите,
- Предлог-одлука за измена на Статутот на РЕПЛЕК АД Скопје;
- Предлог-одлука за стекнување на сопствени акции со откуп;
- Предлог-одлука за продажба (отуѓување) на сопствени акции по пат на јавна понуда;

Скопје, 20.03.2024 година

**РЕПЛЕК АД СКОПЈЕ**
**НАДЗОРЕН ОДБОР**

Претседател,

Антонио Георгиевски

________________________

Друштво за медицинско снабдување увоз-извоз РЕПЛЕК АД Скопје